Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ОГЛАСИ

Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници врз основа на член 151 од Законот за даночна постапка („Службен весник 13/06...133/09) донесува

## ЗАКЛУЧОК
## за продажба на движни предмети по пат на усна јавна аукција

Се продаваат по пат на усна јавна аукција движните предмети сопственост на Вардар АДГ Пелагонија и тоа:

| Ред. бр | Вид/Марка | Регистарски таблички | Цена | Локација | Разгледување |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Финишер Марини** | / | 220.000,00 | ул. Првомајска број 23 Скопје | 27/09/2010 |
| 2 | **Лансирна решетка за мостови 100/38** | / | 4.500.000,00 | ул. Првомајска број 23 Скопје | 27/09/2010 |
| 3 | **Опрема за лансирна решетка (мотори и сајли)** | / | 700.000,00 | ул. Првомајска број 23 Скопје | 27/09/2010 |
| 4 | **Апарат за заварување** | 60001 | 22.000,00 | ул. Првомајска број 23 Скопје | 27/09/2010 |
| 5 | **Полуприколка Утва** | СК-845-НУ | 90.000,00 | ул. Првомајска број 23 Скопје | 27/09/2010 |

Во цената на предметите не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ. Трошоците за пренос на движните предмети паѓаат на товар на купувачот.
Предметите наведени во огласот се продаваат на принципот видено-купено, без никакви дополнителни рекламации.
Јавната аукција ќе се одржи на ден среда 29 септември 2010 година во просториите на Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници ул.12-Ударна бригада бр.2а Скопје со почеток во 11 часот.
Движните предмети ќе може да се разгледаат во гаражите на Вардар АДГ Пелагонија на ул.Првомајска бр.23 Скопје на ден понеделник 27 септември 2010 година од 10 до 11 часот.
Лицата заинтересирани за купување на движните предмети ќе можат да учествуваат на усната јавна аукција доколку уплатат депозит во висина од 10% од утврдената почетна вредност на движниот предмет. Депозитот се уплаќа на трезорска сметка број 100000000063095, депозитна (наменска) сметка број 090051567969610, со приходна шифра 725939 програм 20.
Купувачот на движниот предмет мора да го уплати износот за кој движноста му е продадена, во рок од осум дена од денот на заклучувањето на усната јавна аукција, во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит.

---

Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници врз основа на член 151 од Законот за даночна постапка („Службен весник 13/06...133/09) донесува

## ЗАКЛУЧОК
## за продажба на движен предмет по пат на усна јавна аукција

Се продава по пат на усна јавна аукција движниот предмет сопственост на Вардар АДГ Пелагонија и тоа:

| Ред. бр. | Опис на движниот предмет | Марка/Тип | Цена | Состојба |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Багер** | **Р. Дакич 600** | **450.000,00** | **исправен** |

Во цената на предметот не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ. Трошоците за пренос на движниот предмет паѓаат на товар на купувачот.
Предметот наведен во огласот се продава на принципот видено-купено, без никакви дополнителни рекламации.
Јавната аукција ќе се одржи на ден среда 29/09/2010 година во просториите на Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници ул.12-Ударна бригада бр. 2а Скопје со почеток во 11 часот.
Движниот предмет може да се разгледа на ден понеделник 27/09/2010 година од 10 до 11 часот во базата на Вардар АДГ Пелагонија во с. Мачево Берово.
Лицата заинтересирани за купување на движните предмети ќе можат да учествуваат на усната јавна аукција доколку уплатат депозит во висина од 10% од утврдената почетна вредност на движниот предмет. Депозитот се уплаќа на трезорска сметка број 100000000063095, депозитна (наменска) сметка број 090051567969610, со приходна шифра 725939 програм 20.
Купувачот на движниот предмет мора да го уплати износот за кој движноста му е продадена, во рок од осум дена од денот на заклучувањето на усната јавна аукција, во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правотот на поврат на депонираниот депозит.

---

Врз основа на чл. 151 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“ бр.13/06...159/08), Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Регионална дирекција Штип донесува:

## З А К Л У Ч О К
## за продажба на движни предмети по пат на усна јавна аукција, заради присилна наплата на достасани, а ненаплатени даноци

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на усна јавна аукција на движните предмети сопственост на даночниот должник МАК МЕТАЛ Д.О.О.Е.Л. увоз-извоз со адреса на седиште ул. Климент Охридски бр.105, Струмица и ЕДБ 4027006150195 со вкупна почетна вредност од 730.000,00 денари, и тоа :

| Ред. бр. | Опис на стварите | Количина | Почетна вредност/ во денари | Вкупна почетна вредност/ во денари без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Виљушкар ИНДОС ДХ-40** | 1 | 400.000,00 | 400.000,00 |
| 2 | **Работна маса Борверг** | 1 | 250.000,00 | 250.000,00 |
| 3 | **Приколка за транспорт на елективни столбови** | 1 | 80.000,00 | 80.000,00 |
| | | | В к у п н о | 730.000,00 |

Во цената на движниот предмет не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ и истите се на товар на купувачот.
Усната јавна аукција ќе се одржи на ден 23.09.2010 година во 11.00 часот во просториите на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Штип, Даночно одделение Струмица на ул. Ленинова бб, Струмица.
Движните предмети кои се предмет на продажба се наоѓаат кај даночниот должник и истите може да се разгледаат на ден 23.09.2010 година од 09.00 до 11.00 часот. Лице за контакт на тел. 076/464 404.
Движните предмети се продаваат поединечно. Право на учество на усната јавна аукција имаат сите правни и физички лица.
Лицата заинтересирани за купување на движните предмети ќе може да учествуваат на усната јавна аукција доколку депонираат депозит во висина на 10% од утврдената почетна цена најкасо до денот на одржување на усна јавна аукција на трезорската сметка Министерство за финансии 100000000063095, депозитна сметка на Управата за јавни приходи Скопје 0900515679-696-10, приходна шифра 725939 програма 20.
Движните предмети се продаваат по системот видено-купено. Дополнителни рекламации не се примаат.
Аукцијата се заклучува по истекот на 3 минути непосредно по ставањето на најповолната понуда.
Купените движни предмети се преземаат веднаш. Транспортните трошоци паѓаат на товар на купувачот.
Купувачот е должен да го уплати износот веднаш по завршувањето на усната јавна аукција по намалување на депозитот. Во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит. На понудувачите чија понуда не е прифатена депозитот им се враќа по заклучувањето на аукцијата.

---

Врз основа на член 151 став 5 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.159/08, Министерство за финансии - Управа за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за слободна (комерцијална) продажба

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движните предмети – **машина за жица комад 2**, попишани и запленети во присилна наплата што се води спрема даночниот должник **КУПРУМ АД** со ЕДБ 4030974271525.
Сите заинтертесирани лица да достават понуди со дознака “НЕ ОТВАРАЈ“ до Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје ул. 11 Октомври бр.27 најдоцна до 28.09.2010 година.
Слободната продажба ќе се одржи во просториите на Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје што се наоѓа на ул. 11 Октомври бр.27 на ден 29.09.2010 година со почеток во 11.00 часот.

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Од даночниот должник КУПРУМ АД од Скопје со ЕДБ 4030974271525 во присилна наплата на даночен долг по решение бр.16-2390/4 од 15.03.2004 година за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, попишани и запленети се движни предмети како во диспозитивот.
Бидејќи по одржаните две јавни аукции останаа непродадени горе наведените движни предмети, согласно член 151 став 5 од Законот се пристапи кон слободна (комерцијална) продажба.

---

Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, врз основа на член 151и 155 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.13/2006...88/08) објавува

## З А К Л У Ч О К
## за продажба на недвижност по пат на усна јавна аукција

Се продава по пат на усна јавна аукција недвижноста означена како **деловен простор на „С.Ковачевиќ“ бр.1 лам.1, К.П. 794, дел 1, згр.12, вл.001, ПР, дуќан 007, намена на зграда 570, со површина од 26м2, по Имотен лист број 37677 издаден на 19.02.2010година, за К.О. Кисела Вода 1. со почетна вредност од 1.170.000,00 денари,** сопственост на **ГЕНЕРАЛ ИНВЕСТ КОМПАНИЈА ДОО.**
Во цената на недвижноста не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ.
Усна јавна аукција ќе се одржи на ден 29.09.2010 година во 11.00 часот во просториите на Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје на ул. 11 Октомври бр.27 Скопје.
Право на учество на усна јавна аукција имаат сите правни и физички лица.
Лицата заинтересирани за купување на недвижноста ќе може да учествуваат на усната јавна аукција доколку депонираат депозит во висина на 10% од утврдената почетна цена најдоцна до денот на одржување на усната јавна аукција на трезорската сметка 100000000063095, депозитна сметка 0900515679-696-10, приходна шифра 725939 програма 20.
Учесниците заинтересирани за недвижноста гаранцијата треба да ја уплатат ден пред одржувањето на аукцијата, односно на ден 28.09.2010 година.
Разгледувањето на недвижноста ќе се врши на ден 28.09.2010 година, од 9 до 12 часот.
Аукцијата се заклучува по истекот на 3 минути непосредно по ставањето на најповолната понуда.
Најповолниот купувач е должен да ја уплати купопродажната цена во рок од 8 дена од денот на заклучувањето на јавната аукција по намалување на депозитот, во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит. На понудувачите чија понуда не е прифатена депозитот им се враќа по заклучувањето на аукцијата.
По извршената уплата на износот за кој недвижноста е продадено на усна јавна аукција, Управата за јавни приходи донесува решение за предавање на недвижноста на купувачот.

---

Врз основа на член 151 став 5 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.159/08, Министерство за финансии - Управа за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за слободна (комерцијална) продажба

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба по пат на слободна (комерцијална) продажба на движниот предмет – Патничко моторно возило, марка FORD, тип MONDEO 1.8, со број на шасија WFONXXGBBNSC58213, број на мотор RFN/SY76517, година на производство 1995, со регистарска ознака SK-199-NO, попишано и запленето во присилна наплата што се води спрема даночниот должник ЕУРО ХИРО ДООЕЛ со ЕДБ 4030004512856.
Сите заинтертесирани лица да достават понуди со дознака “НЕ ОТВАРАЈ“ до Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје ул. 11 Октомври бр.27 најдоцна до 28.09.2010 година.
Слободната продажба ќе се одржи во просториите на Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје што се наоѓа на ул. 11 Октомври бр.27 на ден 29.09.2010 година со почеток во 11.00 часот.

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Од даночниот должник ЕУРО ХИРО ДООЕЛ од Скопје со ЕДБ 4030004512856 во присилна наплата на даночен долг по решение бр.21-150/3/2029 од 27.10.2009 година за присилна наплата на даночен долг од движни предмети, попишани и запленети се движни предмети како во диспозитивот.
Бидејќи по одржаните две јавни аукции и тоа на ден 21.07.2010 година и 25.08.2010 година остана непродаден горе наведениот движен предмет, согласно член 151 став 5 од Законот се пристапи кон слободна (комерцијална) продажба.

---

Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Битола, врз основа на член 155 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, број 13/06...133/09) објавува

## ЗАКЛУЧОК
## за продажба на недвижен имот по пат на усна јавна аукција, заради присилна наплата на достасани, а ненаплатени даноци

Се продава по пат на усна јавна аукција недвижен имот сопственост на даночниот должник ПРИЛЕПЕЦ АД УВОЗ ИЗВОЗ ПРИЛЕП од Прилеп ЕДБ 4021991101359 и тоа:

| Ред. бр. | Опис | М2 | Почетна вредност | Вкупна почетна вредност/ во денари без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Деловен простор во Прилеп на ул.Јане Сандански КП бр. 14670 дел 5, зграда 1, влез 1, кат 1, стан бр. 82** | 21 м2 | 2.072.377,00 | 2.072.377,00 |
| 2 | **Деловен простор во Прилеп на ул.Јане Сандански КП бр. 14670 дел 5, зграда 1, влез 1, кат 1, стан бр. 84а** | 22м2 | 2.131.937,00 | 2.131.937,00 |
| 3 | **Деловен простор во Прилеп на ул.Јане Сандански КП бр. 14670 дел 5, зграда 1, влез 1, кат 1, стан бр. 94** | 30м2 | 2.907.187,00 | 2.907.187,00 |

Во цената на недвижниот имот не се вклучени дополнителни давачки и ДДВ и истите се на товар на купувачот.
Јавната усна аукција ќе се одржи на ден 28.09.2010 година (вторник) во 11,00 часот во просториите на Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Битола, ул.Борис Кидрич бр.24а.
Објектите можат да се видат на ден 27.09.2010 година (понеделник) од 10,00 до 14,00 часот.
Право на учество на јавната усна аукција имаат сите правни и физички лица.
Лицата заинтересирани за купување на недвижниот имот ќе може да учествуваат на јавната усна аукција доколку депонираат депозит во висина на 10% од утврдената почетна цена најкасно до денот на одржување на јавната усна аукција на трезорската сметка Министерство за финансии 100000000063095, депозитна сметка на Управата за јавни приходи Скопје 0900515679 - 696 - 10, приходна шифра 725939 програма 20.
Аукцијата се заклучува по истекот на 3 минути непосредно по ставањето на најповолната понуда.
Купувачот на купената недвижност износот за кој недвижноста е купена мора да го уплати во рок од 8 дена од денот на заклучувањето на усната јавна аукција. Во спротивно продажбата со решение се огласува за неважечка, а купувачот го губи правото на поврат на депонираниот депозит. На понудувачите чија понуда не е прифатена депозитот им се враќа по заклучувањето на аукцијата.
Купувачот го превзема недвижниот имот веднаш по плаќањето на цената.